НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: zimohrid@yahoo.com жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 03-1562/2
27.12.2022
Охрид/Ohër

До

**Предмет: Доставување на податоци и информации**
***Поврзан со Барање за доставување на податоци и информации бр. 12-9396/2 од 09.12.2022 година (наш бр. 03-1562/1 од 13.12.2022 година)***

До НУ Завод и Музеј – Охрид доставено е ***Барање за доставување на податоци и информации бр. 12-9396/2 од 09.12.2022 година (наш бр. 03-1562/1 од 13.12.2022 година)*** од страна на ДКСК која постапува по предмет, заверен под архивски број 12-9396/1 од 29.11.2022 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за урбанистичка деградација на светското и природното културно наследство на Охридскиот регион. Пријавените наводи, конкретно се однесуваат на загрозување на природното и културното наследство, со тоа што со донесена Одлука на седница на советот на општина Охрид било овозможено, урбанизација на археолошки комплекс Мауцкер и била создадена можност за отуѓување на земја по цена од 1 евро по метар квадратен, а што било спротивно на препораките на Унеско.

НУ Завод и Музеј – Охрид го разгледа доставеното Барање и Ви ги доставува следните податоци и информации:

- Од страна на општина Охрид, поточно од Секторот за урбанизам и заштита на животна средина доставено е барање за изработка на Заштитно конзерваторски основи за изработка на УПВНМ – индустриска зона Мауцкер, општина Охрид (бр. 13-1642/1 од 12.11.2013 година). Врз основа на доставеното барање НУ Завод и Музеј – Охрид доставил Мислење бр. 13-287/1 од 24.02.2014 година во кое што се наведува дека предметниот урбанистички опфат не припаѓа во границите на заштитената споменичка целина Старото градско јадро

на Охрид заштитено како културно наследство од особено значење согласно **Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење** („Сл. Весник на Р.М. бр. 47/2011, како и измени и дополнувањата на законот (Сл. Весник на Р. Македонија, бр 154 од 04.09.2015 година) ниту во границите на нејзината контактна зона. Исто така се наведува дека во границите на предметниот урбанистички опфат не постојат евидентирани или поединечно заштитени објекти или археолошки локалитети. Заради горенаведеното известуваме дека не е потребна изработка на Заштитно конзерваторски основи за урбанизација на планскиот опфат, меѓутоа, бидејќи во непосредна близина на предметниот плански опфат има присуство на заштитени археолошки локалитети, во одредбите од планскиот опфат да стои дека при изведба на земјени работи на горенаведениот простор неопходно ќе биде присуство на стручно лице – археолог кое би ги следело работите и до колку се наиде на откривање на евентуални остатоци од постари градби, евидентирање и документирање на истите и превземање на сите потребни мерки кои би биле превземени во понатамошниот процес на работа во зависност од вредноста на откриениот наод.

- Од страна на НЈУ ВИЖЕН ДОО ОХРИД доставено е Барање бр. 03-37 од 27.07.2020 (наш бр. 13-594/1 од 27.07.2020 година) за добивање на информации за Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за изработка на Г.П.1.12 (Блок 1) во УПВНМ за индустриска зона Мауцкер во КО Долно Лакочереј – вон град, општина Охрид, со основна класа на намена Г2 (Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија). НУ Завод и Музеј- Охрид го разгледа доставеното Барање и достави Одговор бр. 13-594/2 од 18.09.2020 година со кој информираме дека немаме сознанија за евидентирани споменици од културно – историско значење, но во непосредна близина се протега археолошкиот комплекс Хермелеја, за кој е донесено Решение за утврдување својство на споменик на културата со бр. 07-344/1 од 08.04.1998 година од страна на Завод за заштита на спомениците на културата и Народен Музеј – Охрид, регистриран во Централниот регистар на недвижни споменици на културата на СРМ под регистарски бр. 683. Заради горенаведеното во одредбите од

планскиот опфат мора да стои дека при изведба на земјани работи на наведениот простор неопходно е присуство на стручно лице – археолог, кој, до колку дојде до откривање на евентуални остатоци од постари градби, истите ќе ги евидентира, документира и ќе ги превземе сите потребни мерки кои треба да се преземат во понатамошниот процес на работа. Понатаму во Одговорот се наведува дека опфатот припаѓа во рамките на УНЕСКО и според Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020 – 2029 (Сл. Весник бр. 45/2020), предметната градежна парцела припаѓа во Трета – д Зона каде се предвидуваат низа комплексни мерки со посебни режими на заштита кои треба да се почитуваат во проектното решение. Во продолжение се наведени сите забранети активности при планирањето како и сите дозволени активности при планирањето на просторот.

Во прилог Ви доставуваме:

- Доставување на Мислење бр. 13-287/1 од 24.02.2014 година и
- Одговор бр. 13-594/2 од 18.09.2020 година.

Со почит,

Изработил:
Д.и.а. Тања Паскали Бунташеска
советник конзерватор

в.д. директор,
Катерина Велкоска

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*

*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робеци 267-173; е-маил: зимохриЖмт.нет.мк;*

*жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716*

Завод и Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. У-125/14

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД
ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА
КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД
Бр 13-287/1
24.02 20 14 год
ОХРИД

**До**

***Сектор за урбанизам и заштита***

***на животна средина***

***Општина Охрид***

***ПРЕДМЕТ:*** Доставување на Мислење

***ВРСКА:*** Барање изработка на Заштитно конзерваторски основи (бр. 13-1642/1 од 12.11.2013 година)

Во врска со Вашето барање за изработка на Заштитно конзерваторски основи за изработка на УПВНМ – индустриска зона Мауцкер, Општина Охрид, НУ Завод и Музеј – Охрид го дава следното мислење:

Ве известуваме дека НУ Завод и Музеј – Охрид не е надлежен при изработка на Заштитно конзерваторски основи за изработка на УПВНМ – индустриска зона Мауцкер, Општина Охрид, затоа што предметниот урбанистички опфат не припаѓа во границите на заштитената споменичка целина "Старото градско јадро на Охрид" ниту во нејзината контактна зона. Исто така на горенаведениот плански опфат не постојат евидентирани или поединечно заштитени објекти или археолошки локалитети.

Заради тоа не е потребна изработка на Заштитно конзерваторски основи за урбанизација на горенаведениот плански опфат. Меѓутоа, бидејќи во непосредна близина на предметниот плански опфат има присуство на заштитени археолошки локалитети, во одредбите од планскиот опфат да стои дека при изведба на земјани работи на горенаведениот простор неопходно ќе биде присуство на стручно лице – археолог кое ќе ги следи работите и до колку дојде до откривање на евентуални остатоци од постари градб, истите ќе ги

евидентира, документира и ќе ги превземе сите потребни мерки кои треба да се превземат во понатамошниот процес од работата во зависност од вредноста на откриуениот наод.

Со почит,

Директор,

Тања Паскали Бунташеска

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Republika e Maqedonisë së Veriut
IN Enti dhe Muzeu - Ohër
ИНДОК ЦЕНТАР
QENDRA INDOK
У-264/20

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД**

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр 10,Р.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Северна Македонија,тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173*

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр./Nr. 13-594/2
18.09.2020
Охрид/Ohër

**До**
**„НЈУ ВИЖЕН“ ДОО ОХРИД**
**Ул „Цар Самоил„ бр 84**
**Охрид**

## Предмет: Одговор

***Поврзан со**: Ваше барање бр 03-37 од 27.07.2020 (наш број 13-594/1 од 27.07.2020 година) за добивање на информации за Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 1.12 (Блок 1) во УПВНМ за индустриска зона „Мауцкер” во КО Долно Лакочереј – вон град, општина Охрид, со основна класа на намена Г2 (Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија).*

Во врска со Вашето барање за доставување на информации за потребите за изработување на урбанистичкиот проект, прикажан на графичкиот прилог кој ни е доставен од Ваша страна, на просторот на проектниот опфат, Ве информираме дека немаме сознанија за евидентирани споменици од културно-историско значење.

Од друга страна, во непосредна близина на проектниот опфат се протега археолошкиот комплекс Хермелеја, за кој е донесено Решение за утврдување својство на споменик на културата со бр.07-344/1 од 08.04. 1998 година од страна на Завод за заштита на спомениците на културата и Народен Музеј – Охрид, регистриран во Централниот регистар на недвижни споменици на културата на СРМ под регистарски бр. 683. Поради тоа, од страна на Завод и Музеј – Охрид уште во 2014 година доставено е Мислење (наш број 13-287/1 од 24.02. 2014 година), до Секторот за урбанизам и заштита на животната средина - општина

Охрид, во кое е наведено во одредбите од планскиот опфат, да стои дека при изведба на земјени работи на наведениот простор неопходно е присуство на стручно лице – археолог, кој до колку дојде до откривање на евентуални остатоци од постари градби, истите ќе ги евидентира, документира и ќе ги преземе сите потребни мерки кои треба да се преземат во понатамошниот процес од работата.

Опфатот е во рамките на УНЕСКО заштитеното подрачје на „Природното и културното наследство на Охридскиот регион", и според „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), предметната градежна парцела припаѓа во Трета - д Зона каде се предвидуваат низа комплексни мерки со посебни режими на заштита, кои треба да ги почитувате во проектното решение.

Забранети активности во заштитната зона III-д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) се: интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат; изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%; други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Надвор од градските подрачја (надвор од опфат на ГУП), со исклучок на крајбрежниот појас во согласност со насоките и критериумите утврдени во Просторниот план на Охридско-преспанскиот Регион, може да се планираат: инфраструктурни градби (првенствено со користење на постојните траси и коридори за да се заштитат шумите и земјоделското земјиште, односно уништувањето на интегритетот на природните структури создадени од човекот со задолжително изработување на Стратегија за оцена на влијанието врз културното наследство); активности кои ќе ги подобрат условите за живеење и стопанисување преку ревитализација на руралните населби преку принципот на интегрален развој и потребите на селскиот и екотуризам (во согласност мерките на заштита и со претходна согласност од надлежните институции); реконструкција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит.

Со почит,

Изработиле:

м-р Горан Патчев
диа овластен конзерватор
м-р Драган Танески
археолог кустос

в.д директор
Даниела Недељковиќ

Во акта - Арх. знак: 1303
Рок на чување: трајно
18.07.2020 Потпис:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

13.12.22
к.Велоски

Република Северна Македонија
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/E pranua 13.12.2022

| Орг. Един. Njësia.Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1562/1 | | |


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-9396/2

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ** 09-12-2022 **г./v.**
**ОХРИД**
**ул. Боро Шаин бр. 10**
**6000 Охрид,**

**Предмет: Барање за доставување на податоци и информации**

Почитувани,

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

ДКСК постапува по предмет, заведен под архивски број 12-9396/1 од 29.11.2022 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за урбанистичка деградација на светското и културно наследство на Охридскиот регион.

Пријавените наводи, конкретно се однесуваат на загрозување на природното и културно наследство, со тоа што со донесена одлука на седница на советот на општина охрид било овозможено, урбанизација на археолошки комплекс Мауцкер и била создадена можност за отуѓување на земја по цена од 1 евро по метар квадратен, а што било спротивно на препораките на Унеско

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК бара да се достават информации и документација за следново :

-Дали постои барање од Општина Охрид за обезбедена согласост и позитивно мислење,за конкретното подрачје,доколку има да се достави копија,а доколку нема кои биле причините.

-Ваше произнесување по предметните наводи.

Согласно одредбите на член 23 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) одговорното лице во надлежната институција или од него овластено лице ги презема сите мерки и активности за доставување на бараните информации и истите ги доставува до ДКСК **најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето** од страна на ДКСК.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно член 23 став 4 од истиот Закон, **во случај на непостапување по барањето** од страна на надлежната институција во рокот наведен погоре, **ДКСК поведува прекршочна постапка**.

Согласно член 100 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на одговорното лице во надлежната институција или на од него овластено лице кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации од стана на ДКСК и истите нема да ги достави до ДКСК најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето, ќе му се изрече **глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност.**

Со почит,

Прилог: Пријава број 12-9396/1 од 29.11.2022 година

Изработил: П.Б

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**По овластување, член**
Горан Трпеноски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 29 -11- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 12- | 9396 | 1 | |

До Државната комисија за спречување корупција

Предмет; Барање за отварање предмет Урбанистичка деградација на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Образложение; Ви се обраќаме до Вас како институција за спречување на корупцијата од името на неколку граѓански организации како правни субјекти од град Охрид со цел да се отвори предмет Урбанистичка деградација на град Охрид и околината.

Ова го бараме како резултат на ситуацијата во која се доведе светското природно и културно наследство на Охрид и околината и можноста да биде ставен на листата на загрозени подрачја од страна на Унеско.

Во неколку документи од страна на светски организации е идентификуван факторот неконтролирана урбанизација , и институциите кои ја вршат таа урбанизација , секторот за урбанизам при општина Охрид и советот на општина Охрид.

Тука би ги навеле Центарот за Светско наследство , цитиран во стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (нацрт верзија 25 октомбар 2022) понатака Бернската конвенција судот во Стразбург допис од 05. Мај 2022, понатака Планот за управување за управување на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион донесен на 21.01.2020 од страна на Владата , а според препораките на Унеско, понатака нацрт верзијата на стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион 25 .10.2022 за која трае јавната расправа, понатака последниот извештај од Канцеларијата на ЕУ во Скопје за напредокот на заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион, и други документи кои го дефинираат проблемот на неконтролираната

Урбанизација и институциите кои ја реализираат таа урбанизација.

Сите овие документи и извештаи го детектираат факторот на неконтролирана урбанизација(а институциите сектор за урбанизам и советот на град Охрид како субјекти кои ја вршат таа урбанизација) главен фактор кој довел градот Охрид и околината да се најде во ваква ситуација.

Од тие причини Бараме да се отвори предмет за работењето на овие две институции Секторот за урбанизам и Советот на град Охрид , за нивното пречекорување на ингеренциите и кршење на законот, и препораките на Унеско.

Сметаме дека постојат неправилности во работењето на овие две институции, а тоа со документите кои ке ви ги доставуваме ке се потрудиме да го докажеме, со цел да се добие јасна слика за неправилностите во работењето.

Најпрво Ви го презентираме случајот Археолошки комплекс Мауцкер

Археолошкиот комплекс Мауцкер се наога на еден километар пред влезот на град Охрид кога се доага од Кичево .

Комплексот во моментов се користи како градска депонија за градежен шут, во минатото се користел за Стрелиште на ЈНА.

Археолошкиот комплекс го открил археологот Владо Маленко во 1974 година и ги открил остатоците од античкиот град Хермелеја, на длабочина од метар и половина од сегашното ниво на теренот асфалтниот пат Охрид -Кичево.

Извештаите од тие археолошки истражувања ги објавил во публикацијата Лихнид бр 6 од 1988 година ( ви ги испраќаме извештаите и фото документација.

Во денешно време напоменавме дека комплексот се користи како градска депонија, не се извршени археолошки истражувања со цел 

Да се утврдат границите и големината на градот Хермелеја, со цел да се утврди каде има а каде нема културно наследство.

Да напоменеме дека овај комлекс беше во сопственост на државата, но од пред извесно време и е доделен на општината.

Во една ваква ситуација без точно утврдени граници на археолошкиот комплекс и големината на градот под земја, советот на град Охрид пред месец и половина донесе одлука за усвојување на Програма за управување на комплексот со можност за отугување и тоа по цена од 1 евро по метар квадратен.

Во случајов сме на став дека не се испочитувани законските обврски од Законот за културно наследство, не се извршени археолошки истражувања за да се утврди и дефинира културното наследство, комплексот се урбанизира, и дел од тоа земјиште е веке отуген продаден, инволвирани се бизнис интереси .

Ние како граѓански организации и правни субјекти се трудиме да го спречиме овај процес на урбанизација на археолошкиот комплекс, алармираме, превземаме петтиции и сл све во надлежност на насите права.

Затоа сакаме овај проблем со неконтролираната урбанизација и загрозување на природното и културното наследство на Охрид да го подигнеме на ниво каде ке ги вклучиме и институциите кои имаат законска можност да реагираат и да превземат конктерни мерки и активности.

Конкретниот археолошки комплекс е влезен во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион усвоен од владата на 21.01.2020 год, а сепак се врши урбанизација и се носат несовесни одлуки дури и за оттугување по 1 евро од метар квадратен.

Ова е спротивно и на Препораките кои ги наложи Унеско со обврска државата преку своите институции и органи да ги спроведе.

Како што претходно наведовме ова е прв пример кој ви го доставуваме за неконтролираната урбанизација на град Охрид и заштитените подрачја и непочитување на Препораките на Унеско.

Во наредниов период ке ви доставиме уште 7 или 8 конкретни примери подкрепени со документација со цел да се добие јасна слика за проблемот за кој покренуваме барање.

На мислење сме дека како граѓански организации и правни субјекти имаме право да застанеме во одбрана и да го заштитиме светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Во прилог ви доставуваме Петтиција која ја презедовме како граѓански организации со цел заштита од неконтролирана урбанизација во заштитеното подрачје на Националниот Парк Галичица

Бернска конвенција допис

Археолошки извештај публикуван

План за управување Мауцкер влезен во тој план

Се надеваме дека ке ни излезете во пресрет во врска со ова наше Барање.

# петиција

Оваа официјална колективна молба, во писмена форма, упатена до советот на Општина Охрид, е со главна цел, за управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и воспоставувањето на рамнотежа помеѓу заштитата на исклучителната универзална вредност, управувањето со природните ресурси, социјалниот развој и економски раст во рамките на заштитеното добро. Успешното управување со светско наследство мора да биде темелено на целосно разбирање и со посебен едукативен пристап кон доброто.

**Управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион базира на механизмите на заштита што се утврдени во неколку национални закони :**

- Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион („Сл. весник на РМ" бр. 75/2010).

- Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ" бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) и соодветните подзаконски акти ги уредуваат работите поврзани со заштитата на културното наследство.

- Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење („Сл. весник на РМ" бр.47/11 и 154/15).

- Законот за заштита на природата („Сл. весник на РМ" бр.67/2004, 14/2006 и 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 , 63/16 и и 113/18) ја регулира заштитата на биолошката и пределската разновидност, како и заштитата на природното наследство во заштитени подрачја и надвор од нив.

- Со Законот за животна средина („Сл. весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/ 18).

- Со Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро („Сл. весник на РМ" бр. 45/77, 8/80, 51/88, 10/90 и 62/93) Охридското Езеро беше прогласено за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

- Законот за прогласување на шумските предели на планината Галичица за Национален парк(„Сл. весник на НРМ" бр. 31/58 и 16/65) и Законот за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк („Сл. весник на РМ" бр.171/10) ги утврдуваат границите и режимите на заштита на Националниот парк Галичица.

- Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) ја дефинира хиерархијата на планирање, видовите на просторни и урбанистички планови, начинот на нивна изработка и донесување, како и учеството на јавноста.

- Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ" бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16 и 31/16) со кој се уредуваат правата и обврските во поглед на градежното земјиште, уредувањето на градежното земјиште, условите и начинот на располагање со градежното земјиште, како и други прашања од областа на градежното земјиште.

DIRECTORATE GENERAL OF DEMOCRACY
BERN CONVENTION

BERN CONVENTION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

**Mr Aleksandar JANEVSKI**
Advisor for CITES
Ministry of Environment and Physical Planning
Sq. Presveta Bogorodica br.3
1000 Skopje / North Macedonia

Strasbourg, 5th May 2022

**Subject: Open File No. 2017/2: Alleged negative impacts to Lake Ohrid and Galichica National Park candidate Emerald sites due to infrastructure developments (North Macedonia)**

Dear Mr Janevski,

At its first meeting of 2022 on 6-7 April, the Bureau of the Standing Committee to the Bern Convention re-examined the above-mentioned complaint in relation to the ongoing preparations of the on-the-spot appraisal mandated by the Standing Committee. Here follows the Bureau decision:

> **Decision:** The Bureau thanked the complainant for the progress report, but strongly regretted again the absence of an update from the authorities of North Macedonia, noting that is has been a year and a half since any report has been received from them.
>
> The Bureau expressed its deep ongoing concern at the multiple issues raised by the complainant in their report, almost all of which go against the UNESCO WHC recommendations and go in the wrong direction in terms of protecting the fragile environment in these areas. These issues related to the legalisation of illegal constructions, draft amendments to the Law on Urban Planning, new draft Law on Studenchishte Marsh, further urbanisation developments, strategic plans/projects (highway, railway, tourism development), and on-the-ground illegal actions.
>
> The Bureau once again urged the government of North Macedonia to take a holistic and long-term approach when planning projects in these World Heritage and candidate Emerald Network sites, as short-term financial gains will not transform into long-term success once the nature and beauty of the areas have been irreversibly damaged.
>
> It again urged the authorities to follow the UNESCO recommendations and last Bern Convention Standing Committee decision, and in particular to halt any project implementations until the on-the-spot appraisal (OSA) and its results have been completed later this year.
>
> The Bureau was informed by the Secretariat that the draft terms of reference for the OSA had been shared with both parties, with only the complainant having provided feedback within the deadline. The government had informed however that they were in the process of forming a

committee to oversee this OSA process. Furthermore, the Ramsar Convention and UNESCO WHC has expressed interest in joining this OSA.

The Bureau urged the national authorities to provide feedback and agree on the terms of reference as soon as possible so as not to delay this mission any further.

The Bureau also entrusted the Secretariat with reaching out to the Permanent Representation of North Macedonia in Strasbourg in case of an ongoing lack of response from the focal point.

In that regard, the Secretariat looks forward to receiving feedback from the national authorities to the draft Terms of Reference at the earliest delay, as well as to receiving an update report on the situation for the 2nd Bureau meeting on 15-16 September 2022. Kindly submit this to the Secretariat in electronic WORD format no later than **31st July 2022**.

The same deadline applies to the complainant organisation for the submission of an updated report.

On behalf of the Bureau, I would like to thank you for your ongoing cooperation with the Bern Convention and for your work in protecting species and habitats.

Yours sincerely,

Ursula Sticker
Secretary of the Bern Convention

План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2[illegible]

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | антика; населба | | | | |
| Ранохристијанска базилика „Студенчишта" | Студенчишта-Охрид | Рано христијански период | 215 | 30.8.1957 | 106 | |
| | | | 14-10а/15 | 23.12.1986 | | |
| Арх. локалитет ХЕРМЕЛЕЈА (Габавци, Патерица, Амбарница) | Охрид | Римски период | 02-105/2 | 13.4.1983 | 683 | 4-819-038/07[illegible] |
| | | | 07-344/1 | 08.4.1998 | | |
| Арх. локалитет „Св. Еразмо" | Св. Еразмо Охрид | VI-XII век, базилика и некропола | 02-105/4 | 13.4.1983 | 681 | 4-819-038/076 |
| | | | 07-346/1 | 8.4.1998 | | |
| Арх. локалитет | кај Мали[illegible] | Римски [illegible] | 16-536/1 | 4.5.1990 | 985 | [illegible] |